РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 00-487
24.07. 2026 год.-viti
Ckonje - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Биомедицина", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

1. Се акредитира студиската програма „Биомедицина", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на биомедицински науки / во меѓународен промет, академски назив: Doctor of Biomedical Sciences.

Научно - истражувачко подрачје: 3. Медицински и здравствени науки, 1. Природно математички науки; Научно – истражувачко поле: 3.01 Базична медицина, 3.02 Клиничка медицина, 3.03 Здравствени науки, 3.04 Медицинска биотехнологија, 3.05 Други медицински науки, 1.04 Хемиски науки, 1.06 Биолошки науки, 1.07 Други природни науки; Научно – истражувачка област: 3.01.00.01 Анатомија, 3.01.00.02, Хистологија со ембриологија, 3.01.00.03 Физиологија, 3.01.00.04 Патолошка физиологија, 3.01.00.05 Патолошка анатомија, 3.01.00.06 Фармакологија, 3.01.00.07 Микробиологија со паразитологија, 3.01.00.08 Имунологија, 3.01.00.09 Медицинска генетика, 3.01.00.10 Медицинска физика, 3.01.00.11 Биохемија (медицинска хемија), 3.01.00.12 Судска медицина, 3.01.00.13 Медицинска етика и деонтологија, 3.01.00.14 Социјална медицина, 3.01.00.15 Историја на медицина, 3.01.00.16 Друго, 3.02.00.01 Интерна медицина, 3.02.00.02 Кардиологија, 3.02.00.03 Ендокринологија и заболувања на метаболизмот, 3.02.00.04 Хематологија, 3.02.00.05 Хепато – гастро –ентерологија, 3.02.00.06 Пулмологија со физиологија, 3.02.00.07 Нефрологија, 3.02.00.08 Ревматологија, 3.02.00.09 Семејна медицина, 3.02.00.10 Дерматовенерологија, 3.02.00.11 Неврологија, 3.02.00.12 Епидемиологија, 3.02.00.13 Инфектологија, 3.02.00.14 Педијатрија, 3.02.00.15 Геријатрија, 3.02.00.16 Онкологија, 3.02.00.17 Физикална медицина и рехабилитација, 3.02.00.18 Медицина на трудот, 3.02.00.19 Клиничка биохемија, 3.02.00.20 Клиничка фармакологија и токсикологија, 3.02.00.21 Нуклеарна медицина, 3.02.00.22 Радиологија, 3.02.00.23 Анестезиологија и реанимација 3.02.00.24, Гинекологија и акушерство, 3.02.00.25 Оториноларингологија, 3.02.00.26 Офталмологија, 3.02.00.27 Хирургија, 3.02.00.28 Ортопедски болести 3.02.00.29 Кардиоваскуларна хирургија 3.02.00.30 Неврохирургија 3.02.00.31 Урологија 3.02.00.32 Детска хирургија, 3.02.00.33 Пластична хирургија, 3.02.00.34 Дигестивна хирургија, 3.02.00.35 Торакална хирургија, 3.02.00.36 Трауматологија, 3.02.00.37 Трансфузиологија, 3.02.00.38 Психијатрија, 3.02.00.39 Медицинска психологија, 3.02.00.40 Друго, 3.03.01 Јавно здравство и здравствена заштита, 1.04.00.01 Хемија, 1.04.00.02 Неорганска хемија, 1.04.00.03 Органска хемија, 1.04.00.04 Аналитичка хемија, 1.04.00.05 Физичка хемија, 1.04.00.06 Биохемија 1.04.00.07 Применета хемија, 1.06.00.01 Биологија, 1.06.00.02 Имунологија, 1.06.00.03 Биохемија, 1.06.00.04 Физиологија 1.06.00.05 Молекуларна биологија, 1.06.00.09 Екологија и животна средина, 1.06.00.10 Цитологија, 1.06.00.11 Хистологија, 1.06.00.12 Анатомија, 1.06.00.13 Микробиологија, 1.06.00.15 Генетика, 1.06.00.17 Биотехнологија.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Зденка Стојановска, проф. д-р Татјана Рушковски, проф. д-р Невенка Величкова, проф. д-р Емилија Јаневиќ Ивановска, проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, проф. д-р Катерина Смилков, проф. д-р Ленче Николовска, проф. д-р Данијела Јаниќевиќ Ивановска, проф. д-р Билјана Ѓорѓеска, проф. д-р Светлана Јовеска, проф. д-р Валентина Велкоска Накова.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По претходно донесената Одлука бр. 0201-926/65 од 26.12.2025 година од страна на Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Биомедицина“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0809-107/11 од 14.01.2026 година (наш бр. 08-48/1 од 15.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 46-та седницата одржана на 26.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08-48/6 од 07.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024) и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
д-р Зоран Марков